ОСМУгНИКОЛА ШТЕЈНг-ТЕТОВО

# Кодекс на однесување на учениците

Кодексот на учениците е изготвен врз основа на правата и одговорностите на ученикот во средното училиште пропишани од страна на Министерство за образование и Бирото за Развој на Образованието и Статутот на училиштето.

*Ученикот и работната училишна средина:*

1. Да се грижат и да го чуваат имотот на училиштето, личниот имот на учениците и на вработените во училиштето;
2. Да ги почитуваат правилата на училиштето и да го одржуваат училишниот ред во спротивно ќе им биде изречена соодветна педагошка мерка;
3. Да не се користи мобилен телефон за време на часот;
4. Забрането влегување на ученици од други училишта за време на наставата;
5. Дежурството за учениците за време на наставата е задолжително и одредено според училишниот ред;
6. Задолжително е носењето на училишната униформа за време на теоретската и практичната настава;

На ученикот ќе му биде изречена педагошка мерка **предотстренување** заради повреда на должностите и неисполнување на одговорностите и тоа за :

- Крадење и лажење во училиштето;
- Доаѓање во училиште под дејство на алкохол или дрога, ;
- Пушење во училиштето;
- Уништување на училишниот имот и имотот на соучениците и вработените во училиштето;
- Преправање на резултати од писмени работи, фалсификување на потписи од родители или нелегално пробивање на тестови, писмени задачи;
- Непочитување на соодветни правила за заштита при изведување на практична настава и професионална практика;
- Внесување предмети и средства со кои се загрозува сигурноста на луѓето и имотот на училиштето;

На ученикот ќе му биде изречена педагошка мерка **отстренување** заради повреда на должноститеи неисполнување на одговорностите и тоа за :

- Психичко, физичко и полово насилство;
- Насилно изразување на нетрпеливост кон другите во училиштето;
- Неоправдано изостанување од настава над 25 часа во тек на учебната година;
- Намерно прекршување на правилата за заштита при изведување на практична настава и професионална практика;
- Продажба на дрога или наведување на други лица кон уживање на дрога поради што се загрозува животот на другите ученици;
- Фалсификување и уништување на педагошката документација и евиденција

( дневник на паралелката, сведителство, диплома, ученичка книшка, евидентни листови и др.службени документи);

- Закана со средства со кои лесно се загрозува сигурноста и имотот на луѓето;
- Тенденциозни тешки повреди на училишниот ред и нивно натамошно организирање ( тепачки, насилство и сл.) ;

*Ученикот и наставникот:*

1. Почитување на личноста на наставникот и однесување во согласност со општоприфатените норми и правила на однесување за време на наставата;
2. Редовно и навремено да ги исполнуваат своите должности кои се одредени со наставните програми по одделни наставни предмети, наставниот план, училишниот календар и другите прописи;

*Односот меѓу учениците:* Во училиштето и надвор од него да водат грижа за личното здравје и да не го загрозуваат здравјето и сигурноста на своите соученици и телесниот и душевен интегритет на другите луѓе;

Изготвил :

М.р. **Ристоска Светлана** , психолог